АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 02-02-1294/1/0
03.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 ст.1 т.50 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија, на седницата на Раководниот одбор одржана на ден 29.09.2023 година, се усвои следната

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА И ОДГОВОР НА СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБА

## 1. Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| НД | Национално друштво |
| ЦКРСМ | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| СЕ | Сексуална експлоатација |
| СЗ | Сексуална злоупотреба |
| СЕЗ | Сексуална експлоатација и злоупотреба |
| ЦК/ЦП | Црвен крст и Црвена полумесечина |
| ЦКГС | Црвен крст на град Скопје |
| ООЦК | Општинска организација на Црвен крст |

## 2. Дефиниции

За потребите на оваа Политика:

2.1. „Засегната страна/засегнати страни" е лице/лица кои очекуваат, или веќе добиваат одредена заштита или помош од Црвен крст на Република Северна Македонија. Оттука, засегната страна може да биде било кое лице во рамки на територијата на Република Северна Македонија или во било која локална средина во која дејствуваме како национално друштво;

2.2. „Злоупотреба" опфаќа фактичко постоење или закана за занемарување, емоционално, физичко, психолошко и/или сексуална експлоатација и злоупотреба (вклучувајќи и сексуално вознемирување) на дете, младо лице или возрасен од страна на вработените, волонтерите и другите ангажирани лица.

2.3. „Дете" е секое лице на возраст до 18 години.

2.4. „Механизам за поплаки во заедницата" се однесува на доверливи канали преку кои членовите на одредена заедница можат безбедно да пријават поплаки и да побараат помош. Овој механизам придонесува за вклучување на заедницата преку охрабрување на поединците да пријавуваат поплаки на начин на кој се чувствуваат безбедно, па дури и во дискреција. Механизмот поддржува и пријави за инциденти поврзани со СЕЗ. Добиените пријави се доставуваат до соодветните органи и тела за понатамошни чекори.

2.5. „Родово-базирано насилство" е чадор-термин за било кое штетно однесување кое се презема против волјата на жртвата, а се базира на општествено припишани (т.е. родови) разлики помеѓу мажите и жените. Вклучува однесувања кои опфаќаат физичко, сексуало или психичко повредување или страдање, закани за такви дејствија, присила и други видови на лишување од слобода. Овие дејствија можат да се случуваат во јавност или приватно.

2.6. „Човечки ресурси на Црвен крст на Република Северна Македонија (ЦКРСМ)" ги опфаќаат сите лица во служба на ЦКРСМ, вклучувајќи: вработени, волонтери, членови, ангажирани лица, практиканти и консултанти. Дефиницијата ги опфаќа и волонтерите кои немаат навршено 18 години.

2.7. „Интерни акти на ЦКРСМ" се однесува на Правила за работни односи на ЦКРСМ, Правила за ред и дисциплина во стручната служба, Кодекс на однесување за вработени и волонтери и сите други правила и регулативи на НД;

2.8. „Превенција и одговор на сексуална експлоатација и злоупотреба (СЕЗ)" се однесува на политики, правила и активности насочени кон превенција на вклученоста на човечките ресурси на НД од учество во била која форма на СЕЗ и одговор доколку тоа се случи;

2.9. „Одмазда или одмазничко однесување" е секое директно или индиректно штетно однесување кое е препорачано, искористено како закана или преземено врз одредено лице кое пријавило сомнеж за однесување спротивно на оваа политика, или лице кое е вклучено во овластена ревизија или истрага. Одмаздата може да вклучува неповолни административни дејствија, како на пример евалуации за лошо работење, промени на работните задачи или други негативни одлуки кои директно влијаат на условите на работа на лицето. Одмаздата исто така може да се јави во форма на вербална злоупотреба или вознемирување.

2.10. „Сексуална злоупотреба" се однесува на чин или закана со физички или психолошки напад од сексуална природа, без разлика

дали е со примена на сила или под нееднакви или присилни услови, кога е извршена врз засегнати лица или врз било кое лице кое нема наполнето 18 години.

2.11. „Сексуална експлоатација" се однесува на било каков чин или обид за злоупотреба на позиција на ранливост, немоќ или доверба за сексуални цели во однос на засегнатите лица, вклучувајќи но не ограничувајќи се на финансиско, социјално или политичко профитирање од сексуална експлоатација на друг. Секое плаќање (преку готовина, услуга или стока) за сексуални услуги се смета дека претставува сексуална експлоатација.

2.12. „Сексуална експлоатација и злоупотреба" (СЕЗ) се користи во текот на оваа политика за да се осврне на горе дефинираните дела заедно.

2.13. „Сексуално вознемирување" ја опфаќа било која форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа кое е со намера или цел да го повреди достоинството на личноста, особено во случаи на креирање на застрашувачка, непријателска, понижувачка или навредувачка средина

2.14. „Жртва" е лице кое претрпело сексуална експлоатација или злоупотреба.

2.15. „Трета страна" ги опфаќа лицата со кои ЦКРСМ соработува во рамки на извршување на своите задачи или заради обезбедување на услови за работа – правни лица, управители, раководни тела и вработени.

2.16. "Свиркач/укажувач" се однесува на поединец кој пријавил сомневање за прекршуввање на внатрешните правила на ЦКРСМ. Укажувачите даваат информации врз основа на разумно сомневање дека се случило погрешно дело.

2.17. „Нула толеранција" е принцип кој укажува нула толеранција за било кој вработен или волонтер на ЦКРСМ во однос на вклученост во било која форма на сексуална експлоатација или злоупотреба. Овој принцип претставува обврска за ЦКРСМ веднаш да поведе постапка во случај на добиена информација, како и обврска за секој вработен, волонтер или било кое друго лице поврзано со ЦКРСМ да пријави било каков сомнеж веднаш штом истиот се појави. Нула толеранција за СЕЗ значи и забрана за плаќање за сексуални активности за лицата кои обезбедуваат помош, без оглед на тоа каде овие лица се наоѓаат.

## 3. Вовед

Како хуманитарна организација доследна на својот мандат, ЦКРСМ има обврска да ги почитува и заштитува ранливите лица во ризик. ЦКРСМ е дел од меѓународното движење на Црвен крст и има глобално и локално присуство.

СЕЗ кон лицата на коишто ЦКРСМ им помага е еден од најтешките начини на кој ЦКРСМ може да потфрли во своето работење. И покрај големото внимание во хуманитарното дејствување, може да се случи пријава на случаи во кои постои СЕЗ, но и постоење на истите, а непријавување или прикривање поради страв од одмазда. Затоа е клучно ЦКРСМ да ги преземе сите чекори за превенција на појава на такви случаи во организацијата и соодветно да одговори на пријавени случаи.

Кодексот на однесување на ЦКРСМ забранува СЕЗ на секого, вклучувајќи ги и лицата кои се корисници на помош и поддршка од ЦКРСМ. Забраната исто така се однесува и на употреба на материјал кој може да се злоупотреби и било каква размена на пари, вработување, стока, за сексуални услуги, вклучувајќи и сексуални понуди или други форми на понижување, деградирање или искористувачко однесување. Забраните важат и за контакти или соработка со лица вклучени во трговија со сексуални работници.

Во 2015 година за време на 32-та Меѓународна конференција на ЦК/ЦП се усвои Резолуција 3 која ги осудува сексуалните и родово базираните насилства во било кои околности, особено во време на вооружени конфликти, катастрофи или други итни состојби. Резолуција 3 исто така ги повикува компонентите на Движењето на ЦК да усвојат и спроведат политики на нула толеранција кон СЕЗ на корисници од страна на вработени и волонтери и санкционирање на секој поединец за неговите постапки.

## 4. Цел и примена

### 4.1. Цел

Целта на оваа политика е да осигура дека ЦКРСМ ги презема сите неопходни чекори за превенција од СЕЗ од страна на човечките ресурси во ЦКРСМ и да одговори соодветно на оние инциденти кои не може да ги превенира. Дополнително на оваа цел е осигурување на добросостојбата на жртвите на СЕЗ и одговорно и достоинствено однесување со засегнатите страни. Оваа политика се залага за

обезбедување на фер третман кон наводните сторители додека трае постапката за утврдување на одговорносст за СЕЗ, согласно внатрешните акти на ЦКРСМ.

Со оваа Политика се зајакнуваат постоечките системи за внатрешно пријавување, истрага и постапување за можни повреди на Кодексот за однесување и Правилата за работни односи и работен ред и дисциплина. Преземањето на соодветни чекори за СЕЗ случаи се објаснети во точка 5 од оваа Политика во *Улоги и одговорности* и точка 6 –*Процедури за известување.* Планот за акција кој го поддржува имплементирањето на оваа Политика, има за цел понатаму да влијае на подигањето на свеста и планирањето на обуки преку кои ќе се зајакне капацитетот за справување со случаи на СЕЗ.

Оваа Политика дополнително ја зајакнува и развива одговорноста со цел жртвите на СЕЗ, ЦКРСМ или било кој друг кој се сомнева за постоење на СЕЗ да се чувствува слободен да пријави и да биде заштитен од одмазда.

Соработката со локалните заедници, промовирање на механизми за поплакки во заедниците и обезбедување на поддршка на жртвите се важни компоненти на оваа политика, процедурите и планот за акција.

### 4.2. Примена

Оваа Политика ссе однесува на сите човечки ресурси во ЦКРСМ.

Постапувањето по Поплаки пристигнати во ЦКРСМ за човечки ресурси од ЦКГС/ООЦК е опишано во точка 5 и 6 од оваа Политика.

## 5. Принципи и правила на однесување

ЦКРСМ има нула толеранција кон СЕЗ. Тоа значи дека сите сторители ќе се повикаат на одговорност.

ЦКРСМ применува пристап насочен кон жртвите за превенција од СЕЗ. Ова ги подразбира и следните принципи:

- **Не прави штета –** не се презема ниту една активност која може да ја влоши ситуацијата на жртвата од СЕЗ;
- **Почит –** сите активности кои се преземаат се водени со почит кон изборот, желбата, правата и достоинството на жртвата;

- **Безбедност –** безбедноста и сигурноста на жртвата е приоритет број еден за сите вклучени страни;
- **Доверливост –** мора да постои висок степен на доверливост за идентитетот на жртвата и други информации за секој аспект во време на водење на постапката за случајот. Треба да се преземат сите мерки и активности за постапката за случајот да се води со целосна доверливост.
- **Недискриминација –** ЦКРСМ обезбедува еднаков и фер третман на секој кој има потреба од помош за време на СЕЗ инциденти кои ги вклучуваат човечките ресурси на ЦКРСМ.
- **Заштита на деца –** посебно внимание се дава на децата жртви и на констатирање на нивните специфични потреби. За грижа за децата се консултираат стручни лица за заштита на децата.

Истрагите за СЕЗ случаи се водат фер и со почит на правата на сите вклучени страни.

Активностите за превенција од СЕЗ се спроведуваат со пристапот на вклученост на заедниците и одговорност.

Согласно Кодексот на однесување, човечките ресурси во ЦКРСМ:

- Нема да извршат чин на СЕЗ
- Нема да се вклучат во сексуални активности со:
  - Лица под 18 години;
  - Возрасни лица кои добиваат или очекуваат да добијат помош и поддршка од ЦКРСМ;
  - Сексуални активности кои ги вклучуваат сите видови на активности и злоупотреба од сексуална природа, со или без физички контакт, без разлика дали некоја од страните е свесна за таквата злоупотреба.
- Нема да разменуваат пари, вработување, стоки или услуги за секс, вклучувајќи и сексуални понуди или други видови на понижување, деградирање или искористувачко однесување.
- Нема да произведуваат, набавуваат, дистрибуираат или користат порнографски материјал во просториите на ЦКРСМ или со опремата на ЦКРСМ, вклучувајќи читање/прегледи на порнографски веб страници или испраќање на меилови со порнографска содржина.

*Заштита на укажувачи:* ЦКРСМ има политика на нула толеранција кон секоја форма на одмазда кон лица кои пријавиле сомневање на прекршување на внатрешните правила на ЦКРСМ или кои соработуваат во постапката или истрагата.

Секој кој пријавува сомневање за наводно недолично однесување мора да дејствува со добра намера и да има разумно заснована причина за постоење на прекршување на правилата на ЦКРСМ.

## 6. Улога и одговорности

### 6.1. Одговорности на Генералниот секретар и секретари на ООЦК/ЦКГС

Генералниот секретар и секретарите на ООЦК/ЦКГС ја имаат целосната одговорност за имплементација на Политиката во однос на човечките ресурси на ЦКРСМ кои се под нивна надлежност. Во Централната канцеларија на ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК, Генералниот секретар/секретарот назначува одговорно лице за превенција од СЕЗ.

Одговорностите на Генералниот секретар/секретарите, вклучуваат и:

- Осигурување дека човечките ресурси на ЦКРСМ се информирани и континуирано потсетувани за содржините на Политиката;
- Дејствуваат со личен пример и прават напори да се создаде и одржува средина која превенира СЕЗ;
- Презема навремени и соодветни активности по пријава, поплака, обвинување, активности или сомневање или одмазда поврзана со СЕЗ;
- Осигурува, заедно со одговорното лице, дека сите човечки ресурси на ЦКРСМ посетуваат редовни и задолжителни обуки за превенција од СЕЗ.

Секретарите на ООЦК/ЦКГС се дополнително одговорни:

- Да го интегрираат прашањето за СЕЗ системски во информативни кампањи, обуки и состаноци со опфатеното население, со особено внимание за ранливите групи;
- Да воспостават механизам за пријавување на СЕЗ инциденти;
- Да промовираат вклученост со локални организации, како што се здруженија на жени и со претставници на маргинализирани лица, организации на лица со посебни потреби, со цел подигање на свест за нула толеранција кон СЕЗ, и каде што е можно заедничко поставување на родово сензитивни механизми за поплаки во заедниците коишто се фокусираат на правата, капацитетите и потребите на жртвите.

6.2. Одговорности на сите човечки ресурси на ЦКРСМ:

- Да ја прочитаат и разберат оваа Политика;
- Да завршат задолжителна обука за превенција од СЕЗ;
- Да пријават СЕЗ инциденти за коишто се сведоци, слушнале за нив или се сомневаат дека постојат;
- Целосно соработуваат со лицата одговорни за истрага, да обезбедат доверливост на секој пријавен инцидент.

6.3. Одговорности на лицето назначено за одговорно за превенција од СЕЗ:

Одговорното лице го има овластувањето и одговорноста да спроведе соодветна истрага за можна СЕЗ во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК. Проценката и/или истрагата може да се додели и на други лица согласно ресурсите на располагање и потребните вештини.

Сите пријави, без разлика на изворот од каде што доаѓаат, треба да бидат проследени до одговорното лице без одлагање. Пријавата за можна СЕЗ може да биде поднесена анонимно и ќе се чува доверливо.

По примање на пријавата одговорното лице прави првична проценка. Доколку проценката покаже дека пријавата е заснована на легитимна основа за постоење на СЕЗ, се отвара административна истрага/постапка согласно процедурите на ЦКРСМ и Правилата за работни односи.

Доверливоста треба да се одржува во однос на истрагата од страна на сите вклучени страни. Лицето кое е предмет на обвинување се смета за невино додека трае првичната проценка и во текот на целата истрага. За време на истрагата на обвинетото лице мора да му се овозможи да даде свој исказ.

Кога истрагата ќе заврши, одговорното лице подготвува извештај кој ги содржи наодите, заклучоците и препораките по спроведената истрага.

Врз основа на природата и тежината на обвинението, како и утврдените надлежности, Генералниот секретар/секретарот може да одлучи да го предаде случајот на надлежните институции.

## 7 Превенција

1. **Проверка_** Пред доделување на позиција за која е објавен оглас за работно место, ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК ќе направи проверка на потенцијалните кандидати за вработување во однос на нивната подготвеност да одговорат на поставената нула толеранција кон СЕЗ. Оваа проверка се врши врз основа на поставени прашања за време на формален или неформален разговор, како и доставената документација за аплицирање, и подготвеноста на кандидатот да потпише писмена изјава со која ја прифаќа воведената нулта толеранција од страна на ЦКРСМ.
2. **Обука** ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК одржуваат задолжителна воведна обука и обука за освежување на знаењата[7] за сите вработени и поврзан кадар на организацијата за политиките и процедурите за СЕЗ.

ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК ќе обезбедат воведна обука за секој нов вработен во рок од 3 дена од неговото стапување на работа, и најмалку еднаш годишно, еднодневна обука за сите вработени, и за сите лица кои имаат право да настапуваат во име и за сметка на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, на која ќе се запознаат со дефиницијата за СЕЗ и што вклучува забраната, концептот на нулта-толеранција, можностите за пријавување и обврските на вработените за спроведување на оваа политика.
Обуката ќе се спроведува од страна на обучен кадар во рамките на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, а по потреба и од надворешни консултанти.
Обуката е задолжителна, и доколку некој отсуствува од оправдани причини, ќе присуствува на дополнителен состанок на кој ќе биде запознаен со содржината и обврските поврзани со оваа тема.

## 8 Одговор:

**1. Пријавување:** ЦКРСМ располага со безбедни, доверливи, и пристапни механизми и процедури за вработените, корисниците и заедниците, вклучително и за деца, да пријавуваат наводи за СЕЗ и корисниците се запознаени со истите.

### 1.1. Пријавување преку лица задолжени за постапување во случаи на СЕЗ

ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК се должни да назначат лице од редот на своите вработени кое ќе биде задолжено за прием, процена и постапување по пријави за СЕЗ. ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК ќе ги објават овластените лица на огласна табла, со цел информирање на вработените.

Лицата кои ја сподеулуваат информацијата, имаат право да одберат:

- Информацијата да ја дадат усно на записник;
- Информацијата да ја дадат во писмена форма по свој избор (рачно, електронски – меил, порака итн), или
- Информацијата да ја дадат во доверба и со заштитен идентитет.

Доколку лицето што ја споделува информацијата не чувствува доверба во назначеното лице во својата деловна единица, има право пријавата да ја поднесе до назначеното лице во повисоките инстанци (ООЦК од Скопје до ЦКГС, а сите други ООЦК и ЦКГС до ЦКРСМ).

### 1.2. **Пријавување преку раководни и управувачки структури**

Доколку лицето не е во можност да стапи во контакт со лицето од точка 8.1.1, особено доколку станува збор за волонтер, ангажирано лице или трета страна, може својата пријава да ја поднесе до претседателот или секретарот на ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ.

Лицата кои ја сподеулуваат информацијата, имаат право да одберат:

- Информацијата да ја дадат усно на записник;
- Информацијата да ја дадат во писмена форма по свој избор (рачно, електронски – меил, порака итн), или
- Информацијата да ја дадат во доверба и со заштитен идентитет.

### 1.3. **Пријавување преку е-платформа**

По сопствена оцена, лицето кое ја споделува информацијата може да одлучи истото да го стори преку користење на е-платформата.
Користењето на е-плафтормата е бесплатно и достапно за сите лица, а може да се користи и за поднесување на анонимни пријави.
По овие пријави, постапуваат лицата од точка 8.1.1.

**8.2. Истраги:** За секоја информација или сознание за повреда на принципот на нула-толеранција за СЕЗ, ќе се спроведе дисциплинска постапка согласно одредбите од Законот за работните односи и Правилата за работни односи на Црвениот крст на РСМ.

**2.1. Пријавување кај соодветни органи**: Доколку по соодветно спроведената дисциплинска постапка, постојат докази со кои се поткрепени наводите за СЕЗ, тие случаи може да се пријават кај соодветните органи утврдени со важечките закони.

поткрепени наводите за СЕЗ, тие случаи може да се пријават кај соодветните органи утврдени со важечките закони.

**2.2. Обврска за пријавување на сомнеж:** Човечките ресурси на ЦКРСМ како и третите страни се должни без одлагање да пријават какво било знаење или сомневање дека се случило сексуално насилство, злоупотреба или експлоатација на дете или возрасен вклучен во програмите на НД од страна на човечките ресурс, други ангажирани лица, лица ангажирани во агенции на ООН, партнерски организации или други институции. Лицето кое ја има информацијата, истата ќе ја сподели со назначените лица во форма на сомнеж, без самото да спроведува истрага или дополнително да го утврдува случајот.

**8.3. Помош за жртви**: ЦКРСМ располага со систем за брзо упатување на жртви на СЕЗ кај расположливи служби, врз основа на нивните потреби и согласност. ЦКРСМ ќе преземе мерки да обезбеди бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош на жртвите, и ќе ги информира жртвите за видовите на услуги кои можат да ги добијат од државните институции и од соодветните невладини организации. На барање на жртвите, ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК може да назначи лице кое ќе ги придружува при посетата на овие институции или организации.

**8.4. Соработка со трети лица:** При соработка со трети лица, вклучувајќи но не ограничувајќи се на консултанти, времено ангажирани лица, лица за креирање на авторско дело и слично, ЦКРСМ, ЦКГС и ООЦК ќе ги запознааат истите со нула толеранцијата за СЕЗ и можноста за престанок на договорот и барање за надомест на штета доколку лицето преземе дејствија со кои се нарушува нулта толеранцијата за времетраењето на ангажманот.

## 9. Мониторинг и евалуација

Одговорното лице за превенција од СЕЗ во ЦКРСМ е одговорно за промоција и следење на имплементацијата на оваа политика.

Раководството и управата на ЦКРСМ ќе го следат напредокот во имплементација на оваа политика на годишно ниво со поддршка на одговорното лице за превенција од СЕЗ во ЦКРСМ.

Генералниот секретар/секретарите се одговорни за примена на оваа Политика во дефинирањето на работните задачи по работни места и нејзино вклучување во договорите за вработување/ангажирање.

Одговорните лица за превенција од СЕЗ се должни да водат соодветна евиденција за бројот на пријави и преглед на докажани случаи

заедно со нивната разврска, и за истата да го известуваат Одговорното лице за превенција од СЕЗ во ЦКРСМ најмалку на еднаш на годишно ниво.

Одговорното лице за превенција од СЕЗ во ЦКРСМ доставува годишен извештај за бројот на поднесени пријави и преглед на докажани случаи, како и одговорот од властите за нивно решавање.

ЦКРСМ соработува и со други меѓународни, меѓувладини и невладини органзиации, вклучувајќи и други национални друштва на Црвен крст/Црвена полумесечина, Меѓународната федерација на друшштвата на ЦК/ЦП, Меѓународен комитет на Црвен крст, со цел ревидирање на имплементацијата на политиката и влијанието на колективнните напори за елиминирање на СЕЗ и поврзана злоупотреба на моќ.

Евалуација на примената на оваа Политика ќе се спроведува на секои две години од нејзиното донесување.

**Претседател**
**проф.д-р Ромел Велев**

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •